| 2. | а) Дел од вишокот-добивка за покривање на загуба од претходни години | 352 | | |
| 3. | Б. ОСТАТОК ОД НЕТО ДОБИВКАТА ЗА РАСПОРЕДУВАЊЕ ( 351 минус 352 ) | 353 | 208349 | 1092843 |
| 4. | а) Дел за резервниот фонд | 354 | | |
| 5. | б) Дел за деловниот фонд | 355 | | |
| 6. | в) Дел за плати | 356 | | |
| 7. | г) Дел за други намени | 357 | | |
| 8. | д)Дел за пренос во наредната година | 358 | 208349 | 1092843 |
| 9. | ѓ) Нераспределен дел од вишокот на приходите-добивката | 359 | | |
| 10. | А. НЕПОКРИЕНИ РАСХОДИ - ЗАГУБА ВО ТЕКОВНАТА ГОДИНА | 360 | | |
| 11. | Б. НЕПОКРИЕНИ РАСХОДИ - ЗАГУБА ОД ПОРАНЕШНИ ГОДИНИ | 361 | | |
| 12. | В. ВКУПНА ЗАГУБА ЗА ПОКРИВАЊЕ (360+361) = (363+364+365+366) | 362 | | |
| 13. | а) Покривање на загубата со дотации | 363 | | |
| 14. | б) Покривање на загубата со отпис на побарувањата на доверителите | 364 | | |
| 15. | в) Покривање на загубата со намалување на резервите | 365 | | |
| 16. | г) Непокриени расходи - загуба | 366 | | |

Сметководител: Име и презиме Ана Икономова Уверение бр.0104603 од 01.11.2016 год (ИСОС)

ЕМБГ 2412964455035

Сметководител: Име на фирма ______________________

ЕМБС

Во Скопје
На ден 24.02.2022

Лице одговорно за составување на билансот

М.П. ПРВА ДЕТСКА АМБАСАДА ВО СВЕТОТ СКОПЈЕ МЕЃАШИ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Раководител

| | | |
|---|---|---|
| Период | | Контролор |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 | 19 | 20 | 21 | 22 | 23 | 24 | 25 | 26 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 0 | 4 | 3 | 7 | 7 | 2 | 4 | 9 | | | | | | | | | | | | | | | |

Вид работа — Идентификационен број (ЕМБС) — Резервни кодекси

Прва детска амбасада во светот
Меѓаши
Република Македонија
Бр. 0505-72
25.02.2022 год.
СКОПЈЕ

Назив на субјектот **Здружение ПДАС Меѓаши Р.Македонија, Скопје**

Адреса, седиште и телефон **ул.Коста Новаковиќ бр.22А Скопје тел.02/2465-316**

Адреса за е-пошта **info@childrensembassy.org.mk**

Единствен даночен број **4030995179890**

**СТРУКТУРА НА ПРИХОДИ ПО ДЕЈНОСТИ (СПД–РЕКАПИТУЛАР)**
во периодот од **01.01.2021 до 31.12.2021** година

| **НКД** (Национална класификација на дејности) | | | Остварени приходи (во денари)[3] |
|---|---|---|---|
| Ред. бр. | Класа[1] | Назив[2] | |
| 1. | 88.99 | Останати дејности на социјалната заштита без сместување, неспомнати на друго место | 13515640 |
| 2. | 46.90 | Неспецијализирана трговија на големо | 375135 |
| 3. | | | |
| 4. | | | |
| 5. | | | |
| 6. | | | |
| 7. | | | |
| 8. | | | |
| 9. | | | |
| 10. | | | |
| 11. | | | |
| 12. | | | |
| 13. | | | |
| | | | |

| НКД (Национална класификација на дејности) | | | Остварени приходи (во денари) [3] |
|---|---|---|---|
| Ред. бр. | Класа[1] | Назив[2] | |
| 14. | | | |
| 15. | | | |
| 16. | | | |
| 17. | | | |
| 18. | | | |

1)Во колоната за „Класа“ се внесува нумеричка ознака за класа согласно НКД за дејноста од која субјектот остварува приход.
2)Во колоната „Назив“ се внесува описно називот на дејноста според НКД од која субјектот остварува приход.
3)Во колоната „Остварени приходи“ се внесува износот на остварени приходи по дејности.

РЕГИСТРИРАНА ПРЕТЕЖНА ДЕЈНОСТ (Со назначување на шифра и назив на класа на дејноста утврдена со НКД)

| 8 | 8 | 9 | 9 |

---

ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ ПРЕТЕЖНО ОД Останати дејности на социјална заштита без сместување, неспоменати на друго место ДЕЈНОСТ-

| 8 | 8 | 9 | 9 |
(Со назначување на шифра и назив на класа на дејноста утврдена со НКД)

Лице одговорно за составување на образецот:

Име и презиме Ана Икономова , Уверение бр.0104603 од 01.11.2016 год (ИСОС)

Потпис ____________________

Во Скопје

На ден 24.02.2022

М.П.*

Име и презиме на законскиот застапник

Драги Змијанац

Потпис ____________________

---

* За трговските друштва не е задолжително употреба на официјалниот печат согласно Законот за трговските друштва.

Образец „ДЕ“

Период | Контролор

Прва детска амбасада во светот Меѓаши Република Македонија
Бр. 0505-73
25.02.2022 год.
СКОПЈЕ

| 0 | 4 | 3 | 7 | 7 | 2 | 4 | 9 |

Вид работа | Идентификационен број (ЕМБС) | Резервни кодекси

Назив на непрофитната организација ОРГАНИЗАЦИЈА **Здружение ПДАС Меѓаши Р.Македонија, Скопје**
Адреса, седиште и телефон СЕДИШТЕ **ул.Коста Новаковиќ бр.22А Скопје тел.02/2465-316**
Адреса за е-пошта **info@childrensembassy.org.mk**
Единствен даночен број **4030995179890**

## ПОСЕБНИ ПОДАТОЦИ

за државна евиденција за непрофитните организации

(во денари)

| Ред. бр. | Група на сметки, сметка д=дел | Позиција | Ознака на АОП | Износ | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Претходна година | Тековна година |
| | | | | | |
| | | **А.НЕМАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА** | | | |
| | | Набавна вредност на основачки издатоци | 601 | | |
| | 009д | Ревалоризација на основачки издатоци | 602 | | |
| | 028д | Исправка на вредноста на основачки издатоци | 603 | | |
| | | Сегашна вредност на основачки издатоци (< или = АОП 002 од БС) | 604 | | |
| | | Набавна вредност на издатоци за истражувања и развој | 605 | | |
| | | Плата и надоместоци на плата на вработените кои директно работат на истражувања и развој | 606 | | |
| | | Т р | 607 | | |
| | | Амортизација на недвижности, постројки и опрема користени при истражувања и развој | 608 | | |
| Ред. бр. | Група на сметки, сметка д=дел | Позиција | Ознака на АОП | Износ | |
| | | | | Претходна година | Тековна година |
| | | | | | |

1 Трошоци за суровини и материјал, трошоци за енергија, трошоци за ситен инвентар, трошоци за амбалажа, трошоци за резервни делови и материјали за одржување на објектите и опремата, интелектуални услуги и други услуги кои се услов за истражувањето и развојот за сопствени цели.

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Амортизација на патенти и лиценци користени при истражувања и развој | 609 | | |
| | 009д | Ревалоризација на издатоци за истражување и развој | 610 | | |
| | 028д | Исправка на вредноста на издатоци за истражување и развој | 611 | | |
| | | Сегашна вредност на издатоци за истражувања и развој (< или = АОП 002 од БС) | 612 | | |
| | 002д | Набавна вредност на патенти, лиценци, концесии, заштитни знаци и останати слични добра | 613 | | |
| | 009д | Ревалоризација на патенти, лиценци, концесии, заштитни знаци и останати слични добра | 614 | | |
| | 028д | Исправка на вредност на патенти, лиценци, концесии, заштитни знаци и останати слични добра | 615 | | |
| | | Сегашна вредност на патенти, лиценци, концесии, заштитни знаци и останати слични добра (< или = АОП 002 од БС) | 616 | | |
| | 002д | Набавна вредност на софтвер со лиценца | 617 | | 78866 |
| | 009д | Ревалоризација на софтвер со лиценца | 618 | | 11830 |
| | 028д | Исправка на вредност на софтвер со лиценца | 619 | | 51828 |
| | | Сегашна вредност на софтвер со лиценца (< или = АОП 002 од БС) | 620 | | 38868 |
| | 002д | Набавна вредност на компјутерски софтвер развиен за сопствена употреба | 621 | | |
| | 009д | Ревалоризација на компјутерски софтвер развиен за сопствена употреба | 622 | | |
| | 028д | Исправка на вредност на компјутерски софтвер развиен за сопствена употреба | 623 | | |
| | | Сегашна вредност на компјутерски софтвер развиен за сопствена употреба (< или = АОП 002 од БС) | 624 | | |
| Ред. бр. | Група на сметки, сметка д=дел | Позиција | Ознака на АОП | Износ | |
| | | | | Претходна година | Тековна година |
| | | | | | |
| | 002д | Набавна вредност на набавени бази на податоци | 625 | | |
| | 009д | Ревалоризација на набавени бази на податоци | 626 | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 028д | Исправка на вредност на набавени бази на податоци | 627 | | |
| | | Сегашна вредност на набавени бази на податоци (< или = АОП 002 од БС) | 628 | | |
| | 002д | Набавна вредност на бази на податоци развиени за сопствена употреба | 629 | | |
| | 009д | Ревалоризација на бази на податоци развиени за сопствена употреба | 630 | | |
| | 028д | Исправка на вредност на бази на податоци развиени за сопствена употреба | 631 | | |
| | | Сегашна вредност на бази на податоци развиени за сопствена употреба (< или = АОП 002 од БС) | 632 | | |
| | | Набавна вредност на останат нематеријален имот | 633 | | |
| | 009д | Ревалоризација на останат нематеријален имот | 634 | | |
| | 028д | Исправка на вредност на останат нематеријален имот | 635 | | |
| | | Сегашна вредност на останат нематеријален имот (< или = АОП 002 од БС) | 636 | | |
| | 010д | Земјишта | 637 | | |
| | 019д | Ревалоризација на земјишта | 638 | | |
| | | Сегашна вредност на земјишта (< или = АОП 004 од БС) | 639 | | |
| | | **Б.МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА** | | | |
| | 010д | Шуми | 640 | | |
| | 019д | Ревалоризација на шуми | 641 | | |
| | | Сегашна вредност на шуми (< или = АОП 004 од БС) | 642 | | |
| | | Набавна вредност на превозни средства | 643 | | 1314005 |
| | 019д | Ревалоризација на превозни средства | 644 | | 197101 |
| | 029д | Исправка на вредност на превозни средства | 645 | | 1511106 |

| Ред. бр. | Група на сметки, сметка д=дел | Позиција | Ознака на АОП | Износ | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Претходна година | Тековна година |
| | | | | | |
| | | Сегашна вредност на превозни средства (< или = АОП 007 од БС) | 646 | | - |
| | 013д и 014д | Набавна вредност на информациска и | 647 | | 83068 |

2 Уреди со електронска контрола, како и електронски компоненти кои претставуваат дел од овие уреди (радио, телевизиска и комуникациона опрема и апарати).

| Ред. бр. | Група на сметки, сметка д=дел | Позиција | Ознака на АОП | Износ | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Претходна година | Тековна година |
| | | | | | |
| | 019д | Ревалоризација на информациска и телекомуникациска опрема | 648 | | 12460 |
| | 029д | Исправка на вредност на информациска и телекомуникациска опрема | 649 | | 68824 |
| | | Сегашна вредност на информациска и телекомуникациска опрема (< или = АОП 006 од БС) | 650 | | 26705 |
| | 014д | Набавна вредност на к | 651 | 904075 | 959347 |
| | 019д | Ревалоризација на компјутерска опрема | 652 | 16273 | 141211 |
| | 029д | Исправка на вредност на компјутерска опрема | 653 | 636920 | 834122 |
| | | Сегашна вредност на компјутерска опрема (< или = АОП 006 од БС) | 654 | 283428 | 266436 |
| | 017д | Набавна вредност на повеќегодишни насади | 655 | | |
| | 019д | Ревалоризација на повеќегодишни насади | 656 | | |
| | 029д | Исправка на вредност на повеќегодишни насади | 657 | | |
| | | Сегашна вредност на повеќегодишни насади (< или = АОП 007 од БС) | 658 | | |
| | 017д | Набавна вредност на основно стадо | 659 | | |
| | 019д | Ревалоризација на основно стадо | 660 | | |
| | 029д | Исправка на вредност на основно стадо | 661 | | |
| | | Сегашна вредност на основно стадо (< или = АОП 007 од БС) | 662 | | |
| | | Книги, уметнички дела, споменици на култура | 663 | | |
| | | | | | |
| | | Драгоцени метали и камења | 664 | | |
| | | Антиквитети и други уметнички дела | 665 | | |
| | | Други скапоцености | 666 | | |
| | | **В. РАСХОДИ** | | | |
| | | **I.Материјални расходи** | | | |
| | 407д | Набавна вредност на продадени материјали и делови (< или = на АОП 208 од БПР) | 667 | | |

3 Хардвер и периферни единици, машини за обработка на податоци, печатари, скенери и слично.

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 407д | Набавна вредност на продадените трговски стоки (< или = на АОП 208 од БПР) | 668 | | 54575 |
| | 408д | Наемнини на земјиште (< или = на АОП 209 од БПР) | 669 | | |
| | | **II. Други расходи** | | | |
| | 414д | Отпремнини за пензија (< или = на АОП 216 од БПР) | 670 | | |
| | 414д | Подароци за деца (< или = на АОП 216 од БПР) | 671 | | |
| | 414д | Помош за семејствата на вработените (< или = на АОП 216 од БПР) | 672 | | |
| | 414д | Помош за вработените (< или = на АОП 216 од БПР) | 673 | | |
| | 414д | Јубилејни награди (< или = на АОП 216 од БПР) | 674 | | |
| | 417д | Издатоци за авторски хонорари (< или = на АОП 219 од БПР) | 675 | | 2357004 |
| | 417д | Издатоци за повремени и привремени работи (< или = на АОП 219 од БПР) | 676 | | 419336 |
| | | **I<br>I** | | | |
| | 450д | Помошти, донации и други давања на субјектите во добра и услуги (< или = на АОП 227 од БПР) | 677 | | 364055 |
| | 451д | Надомести и помошти на физичките лица во добра и услуги (< или = на АОП 228 од БПР) | 678 | | |
| | 455д | Други помошти и давања во добра и услуги (< или = на АОП 229 од БПР) | 679 | | |
| | | **IV. Плати и надомест на плати** | | | |
| | 460д | Плати (< или = на АОП 231 од БПР) | 680 | | |

| Ред. бр. | Група на сметки, сметка д=дел | Позиција | Ознака на АОП | Износ Претходна година | Износ Тековна година |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |
| | 460д | Придонеси на плати (< или = на АОП 231 од БПР) | 681 | | 1545696 |
| | 460д | Даноци на плати (< или = на АОП 231 од БПР) | 682 | | 326568 |
| | 461д | Надомести на плати (< или = на АОП 232 од БПР) | 683 | | |
| | 461д | Даноци на надомести или = на АОП 232 од БПР) | 684 | | |
| | 461д | Придонеси на надомести (< или = на АОП 232 од БПР) | 685 | | |
| | | **Г. ПРИХОДИ** | | | |
| | | Приходи од камати (< или = на АОП 243 од БПР) | 686 | | |
| | | Приходи од позитивни курсни | 687 | | 72 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | разлики<br>(< или = на АОП 243 од БПР) | | | |
| | 730д | Приходи од членарини<br>(< или = на АОП 244 од БПР) | 688 | | |
| | 730д | Приходи од придонеси<br>(< или = на АОП 244 од БПР) | 689 | | |
| | 730д | Приходи од подароци<br>(< или = на АОП 244 од БПР) | 690 | | |
| | 730д | Приходи од донации<br>(< или = на АОП 244 од БПР) | 691 | | 13307047 |
| | | Приходи од други извори<br>(< или = на АОП 244 од БПР) | 692 | | |
| | 750д | Приходи од изработка на основни средства во сопствена режија<br>(< или = на АОП 246 од БПР) | 693 | | |
| | 750д | Приходи од изработка на делови и ситен инвентар во сопствена режија<br>(< или = на АОП 246 од БПР) | 694 | | |
| | | **Д. ПОСЕБНИ ПОДАТОЦИ** | | | |
| 9. | | Просечен број на вработени врз основа на состојбата на крајот на месецот | | | 7 |

Во ___Скопје 24.02.2022 ______ Лице одговорно за составување на образецот Н а п

непрофитната М.П. Одговорно организација

ПРОДЕТСКА АМБАСАДА СКОПЈЕ ВО СВЕТОТ * РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА * МЕГАШИ

Датум и печат на прием во ЦРМ ________________________________

Контролата ја извршиле:

**Додаток 2**

**Годишен извештај за 2021 година**

## Завршен годишен извештај за 2021 година

## Спроведени активности

***Прва детска амбасада во светот МЕЃАШИ – Република Македонија***

Ул. Коста Новаковиќ, 22а, Скопје
Тел/факс + 389 (0)2465 316
info@childrensembassy.org.mk
www.childrensembassy.org.mk

Скопје, Јануари 2022

## Завршен годишен извештај за 2021 година

## Спроведени активности

**СОДРЖИНА**


1. **СЕРВИСИ ЗА ДИРЕКТНА ПОМОШ И ПОДДРШКА НА ДЕЦА ВО РИЗИК**
   **1.1 СОС телефон за деца и млади 2465-316; 070 390 632;**
   **1.2 Сервис за поддршка на социјално загрозени семејства и ранливи групи деца.**
2. **ПРОГРАМА ЗА МИРОВНО ОБРАЗОВАНИЕ**
3. **ЈАКНЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА ДЕЦАТА ЗА ПРЕВЕНЦИЈА ОД НАСИЛСТВО**
4. **ПРОЕКТ „ ДА ГИ ЗЕМЕМЕ ПРАВАТА ВО НАШИТЕ РАЦЕ!“**
5. **ЦИВИКА МОБИЛИТАС – ИНСТИТУЦИОНАЛЕН ГРАНТ, ДОНАЦИИ, ЕКОНОМСКИ АКТИВНОСТИ, ИСО**
6. **ПРОЕКТ ЗА ПОДДРШКА НА ДЕТСКОТО УЧЕСТВО ВО ОПШТИНА АЕРОДРОМ**
7. **РЕАКЦИИ, БАРАЊА, ДЕБАТИ, СООПШТЕНИЈА, ОБРАЌАЊА, ГОСТУВАЊА, ИНТЕРВЈУА…**

1. **ДИРЕКТНА ПОДДРШКА НА ДЕЦАТА ВО РИЗИК**

- Телефонска линија за поддршка на деца и млади
  070 390 632/ 02 2465 316
- Материјали и средства за поддршка на социјално загрозени семејства

**1.1 SOS телефонска линија за деца и младинци 070390632/ 022465316**

**Траење**: од 1993. во континуитет

**Резиме на наодите од работата на СОС-телефонот во 2021 година**

Во текот на 2021 година (јануари – декември) остварени се вкупно **329** првични контакти (дојави), а дополнително се остварени **473** разговори . Вкупниот број на деца и млади кои се опфатени со дојавите изнесува **449**. Споредбено со минатата година, бројот на дојавите е зголемен за 30%.

**Графикон 1: Број на контакти (дојави) и број на опфатени деца во нив**




Во овој дванаесетмесечен период комуникацијата со дојавувачите во најголем број беше остварена преку мобилниот број (070390632) на Детската амбасада Меѓаши, поточно примени се **269** дојави преку еден од овие два броеви. Преку е-пошта во овој период примени се **23** дојави, **30** дојави примени се на ФБ-страницата, **5** дојави примени се по пошта и **2** дојави се поднесени со лично присуство во просториите на Меѓаши.

Дојавите за извештајната 2021 година се однесуваат на проблеми во кои биле засегнати **198** машки, **176** женски деца, а за **75** деца не е познат полот.

Според средината на живеење на јавувачите, најголемиот број од децата или **390** живеат во урбана средина, **28** деца се опфатени со дојавите од дојавувачи кои живеат во рурална средина, непознато **31.**

Во однос на етничката припадност на јавувачите, **253** од вкупниот број јавувачи се Македонци, додека пак **20** Роми, а **14** јавувачи се од албанска етничка припадност. Само **8** од контактите (дојавите) се од јавувачи во останати (етнички групи) и за **34** лица е непозната етничката припадност.

И оваа измината 2021 година СОС-телефонот често ѕвонеше. Како генерална забелешка и во овој годишен извештај се наведува малиот број деца кои нè контактирале и од таа причина неопходно е да се работи на охрабрување на децата и младите да се јават за да се информираат или за да пријават прекршување на нивните права.

Продолживме со работа во услови на Ковид пандемија со пренасочување на повиците и притоа не направивме никаков прекин во давањето на нашите услуги.

Трендот на продолжување на пријавување проблеми со остварување на правото на контакт или средби на децата со разведени родители и непочитување на решението од Центарот за социјални работи котира повторно на високото прво место во категоријата проблеми. Податоците говорат дека прекршувањата на правата на детето при бракоразводна постапка е еден од најголемите проблеми со кои се соочуваат децата и нивните семејства, а ова ни укажува на фактот дека потребно е подобро и поквалитетно регулирање на семејните односи и поголемо внимание и поддршка од страна на надлежните институции со цел да се превенираат дополнителни кршења на детските права. Воедно, застапени се проблемите кои се јавувааат при доделување старателство, како и исплаќање на алиментација. Покрај правото на детето за остварување контак или средби со едниот од родителите, имаме дојави и за прекршени права на детето за контакт со лица од поширокото семејство (бабата, дедото, тетка, чичко, братучеди...).

Насилството и понатаму претставува реалност за децата во Македонија. Податоците од извештајот покажуваат дека многу деца се во ризик од насилство со што се влијае на нивниот оптимален психофизички развој. Телесното казнување сè уште доминира како начин за воспитување на децата, покрај психолошката трага што тоа ја остава врз децата за цел живот.

Навидум невидливо во однос на другите облици на насилство, емоционалното насилство се случува многу често и е еднакво опасно како и сите други облици. Спектарот на емоционална злоупотреба е широк, а се случува кога за детето не се води грижа, не се поттикнува на развој, се запоставува, се отфрла, се игнорира, се присилува, се казнува, се спречува да се поврзе со други луѓе од неговото опкружување... Исто така, емоционална злоупотреба е и кога

детето е сведок на физичко или друг вид насилство. Во овој годишен извештај не е исклучена ниту сексуалната злоупотреба на децата.

Животните перспективи на децата во Македонија се засегнати заради изложеноста на сиромаштија. Голем број деца со своите семејства живеат на работ на егзистенција, при што нивните детски права се сериозно загрозени. Кога зборуваме за суштински потреби, зборуваме за изложеноста на несоодветни услови за живот кои го попречуваат оптималниот раст и развој на децата. Сиромаштијата им штети на децата и преку негативните ефекти врз нивните семејства со тоа што на децата не им се посветува доволно внимание од страна на родителите кои се приморани да работат по неколку работи и децата често се принудени или ги тераат на питање, со што се зголемува можноста да станат жртви на најтешки форми на злоупотреба.

Одржувањето на менталното здравје е подеднакво важно како за возрасните, така и за децата. Бракоразводните постапки и несогласувањата меѓу родителите на децата се во најголем број причини за детската вознемиреност и стравот. Исто така, вознемиреноста кај децата може да се јави и како резултат на големи промени во нивниот живот, како преселба во нов дом, живеење со само еден родител, менување на училиштето и сл.

**Преземени активности**

Во овој 12-месечен период во најголем број беа преземени интервенции на обезбедување директна помош или поддршка на контакти во кои се засегнати **60** деца. Освен директната помош, на контакти (дојави) кои се однесуваат на **173** деца и млади, дадени се препораки, информации за контакт на соодветната институција, потоа контакти во кои се засегнати **71** деца или млади упатени беа до други институции, додека контакти што опфаќаат **99** деца се упатени до агенции/институции надлежни за спроведување на законот. Најчесто контактите беа упатувани до следните служби и институции во зависност од проблемот за кој се јавиле:

- до стручните служби во училиштето;
- во агенција (институција) за заштита на децата во земјата;
- до различни здравствени работници, општа пракса, психолози/психијатри и
- упати до служби за итни случаи.

Во текот на постапувањето и давањето поддршка на децата на кои се однесуваа контактите, тимот на СОС-телефонот често соработуваше со центрите за социјална работа од Скопје и другите градови, Секторот за внатрешни работи, училишта, Здружението на млади правници, Коалицијата за правично судење и други чинители и организации заради давање подобра и поефикасна поддршка на јавувачите. Во текот на оваа година оствaривме блиска

и успешна соработка со скопскиот Центар за социјална работа и со нивниот Интервентен тим во повеќе наврати. Дојави што се однесуваа на насилство врз деца, родителска несоодветна грижа, непостапување според издадено решение за видување со родителот по развод, се дел од успешните примери за кои заедно со Центарот успеавме да го подобриме остварувањето на правата на повеќе деца.

**Улогата на волонтерките и волонтерите во работата на СОС-линијата за деца и млади**

Волонтерките и волонтерите секогаш биле и се многу важен дел од работата на СОС-телефонот. Секоја година се регрутираат нови волонтери/волонтерки кои добиваат континуирана обука на различни теми.

Оваа година во тимот на СОС се приклучија Мимоза Костовска (професорка), Марија Ѓорѓиоска (студент по право), Клементина Добревска (дипломиран психолог), Александар Младеноски (студент на дефектологија), Барлет Беќири (студент по психологија), Марија Дамовска (студент по психологија) активни волонтери, воедно се потпиша и Меморандум за соработка со Здружението на студенти по психологија ,,ПСИХЕСКО", од кое активно учество зедоа 25 волонтери во реализација на Кампањата за детските права.

Овој тим волонтери подготви неколку блогови на актуелни теми за младите со цел да се доближиме до оваа популација. Дел од волонтерките, исто така, се јавуваат на повиците во текот на дежурствата во попладневните часови во работните денови, како и во викендите.

**Активности за промоција на СОС-телефонот за деца и млади**

Во февруари 2022 год. на онлајн конференција за медиуми беше презентиран годишниот извештај за 2021 год. На следниот линк е Годишниот извештај достапен на пет јазици: македонски (1-23 стр.), албански (24-45 стр.), ромски (46-67 стр.), турски (68-88 стр.) и англиски јазик (90-111 стр.). Извештајот е достапен само на албански јазик на албанската верзија на веб страницата на овој линк, како и само на англиски јазик на англиската верзија на веб страницата на Меѓаши на овој линк.

Со цел да се промовира СОС-телефонот за деца и млади меѓу нив, особено во периодот на епидемијата, беа реализирани неколку активости за приближување на оваа услуга до децата и младите. Детската амбасада Меѓаши во текот на 2021 година спроведе кампања во основните училишта за детските права која траеше од март до декември. Целта на кампањата беше запознавање на децата со нивните права, колку од нив ги знаат и ги разбираат што навистина значат, како и споделување на СОС-бројот за деца и млади. Кампањата се реализираше преку онлајн-работилници на платформата Зум со интерактивно учество на децата преку гледање слики и видеа. Работилниците беа одржувани од страна на волонтерките/волонтерите на СОС-телефонот за деца и млади

како и волонтерки/волонтери од ,,Психеско“. Дополнително, истите волонтери и волонтерки се вклучија во активноста за пишување текстови кои ќе бидат објавени на новосоздадената веб-страница ,,Ало Бушавко“. Новата веб-страница ,,Ало Бушавко“ ќе овозможи дополнителни канали за комуникација со децата и младите и ќе понуди и содржини што би можеле да се од интерес за младата популација, но и за родителите и наставниот кадар.Во текот на работењето како и при направеното детално истражување за ставовите на децата и младите за СОС-телефонот на Меѓаши се наметна потребата да се воведе нов канал за комуникација (повеќе за истражувањето може да видите на следниот линк: http://www.childrensembassy.org.mk/istrazuvanje-za-vebsajt.nspx), што ќе овозможи поголема достапност и можност да се доближиме уште повеќе до децата. Во периодот септември – декември 2021 интезивно се работеше на изработката на веб-страницата наречена ,,Ало, Бушавко“. Истата ќе биде достапна на нашите корисници од јануари 2022 година.

Волонтерите/ките на СОС телефонот за деца и млади при Детската амбасада Меѓаши во рамките на Аригатоу организираа шеснаесет работилници за претставување и запознавање со детските права во основните училишта „Димо Хаџи Димов“ - Скопје и „Јашар Беј Шкупи“- Скопје. на работилниците учествуваа вкупно 189 учениц од двете училишта. Поради состојбата со пандемијата, претставничките/претставниците од Детска амбасада беа вклучени онлајн преку платформата Зум, додека ученицчките/учениците и наставниците/наставничките работилниците ги следеа од училници.

Во месец август кога Македонија беше во кризна состојба со активни пожари речиси низ целата територија, Меѓаши во соработка со ЗСП „Психеско“ се вклучи во засилена служба на децата и нивните семејства како и други засегнати лица во опожарените области кои преку телефонските броеви можеа да се обратат за психолошка прва помош. Беа активни шест (6) телефонски броеви, 24 часа во период од седум дена.






### 1.2. Услуги за материјална и др. вид поддршка на социјално загрозени семејства/поддршка за ранливи групи деца

- Набавка на храна – храна за деца се набавува преку донации од компаниите од бизнис секторот и од други донатори и проекти.
- Достава на технички помагала за децата од семејства во социјален ризик за учење на далечина, како и на основни хигиенски и прехранбени производи
- Донирање на заштитна опрема и маски за медицинскиот персонал во неколку детски болници/оддели во болници преку поддршка од повеќе проекти на Меѓаши
- Собирање, селектирање и дистрибуирање облека и чевли
- Достава на едукативни и хигиенски производи поддржани од мрежата АРИГАТОУ

Првата детска амбасада Меѓаши и во услови на епидемијата на Ковид-19 под безбедни и контролирани услови внимавајќи на мерките, продолжи и во 2021 година да прифаќа, селектира и дистрибуира донирана облека од граѓаните. Голем број на граѓан(к)и донираат носена облека, чевли и останати потребни сочувани работи, во просториите на Меѓаши. Децата и нивните родители кога имаа потреба од ваков вид помош можеа да дојдат секој работен ден во периодот од 9:00 до 13:00 часот и да си подигнат тоа што им е потребно.

## 2. ПРОГРАМА ЗА МИРОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

**Назив на проектот/програмата:** програма за Мировно образование

Мировното образование или образованието за МИР, денес, во време на глобална криза и несигурност, буди сè поголем интерес. Тоа промовира знаења, вештини и ставови кои можат да им помогнат на луѓето да ги трансформираат конфликтите на мирен начин, да градат поправедни општества, а во срединитe каде што живеат да создадат услови за позитивен мир.

Мировното образование е вредносно втемелено. Клучните вредности на мировното образование, како ненасилството и социјалната правда, се темел за посакуваната општествена промена за почитувањето на човековите права и за градење на довербата.

**Цел:** Проектот има за цел промовирајќи ги мирот и ненасилството како основни вредности во воспитно-образовниот систем да укаже на потребата од поинтензивно вградување на мировното образование (МО) во наставните курикулуми.

**Целна група:** проектот најпрво се спроведуваше во 3 средни училишта во Скопје: гимназија: "Никола Карев", ГУЦ "Здравко Цветковски" и ДСМУ "Д-р Панче Караѓозов". Во текот на 2013 – 2021 ја проширивме оваа програма во нови средни училишта во/и надвор од Скопје, во Виница СОУ “Ванчо Прке”, Скопје

СУГС „Владо Тасевски„ СУГС „Арсени Јовков„ и СУГСГИМ "Зеф Љуш Марку" како и во средните училишта ЦСНО „28 Ноември" – Дебар, СОУ Гимназија „Кочо Рацин„ – Велес, СОУ Гимназија „Гостивар„ како и СЕУ – Гостивар, ,,Шаип Јусуф" од Скопје.

**Времетраење на проектот/програмата:** 2011- 2023 година.

**Донатор:** Германското федерално министерство за економска соработка и развој.
**Партнерска организација:** KURVE WUSTROW

**Активности спроведени во 2021 година:**

Во периодот за кој се однесува извештајот беа спроведени 1 онлајн и 4 тренинзи во живо.

2.1. **Онлајн тренинг „Ресторативни училишта" 2**

Вториот модул на обуката „Ресторативни училишта" се спроведе во јануари 2021 година како продолжение на обуката направена во декември 2019. На овие онлајн тренинг сесии фокусот беше ставен на зголемување на знаењата и вештините поврзани со ресторативниот пристап во училиштата а сесиите беа посветени на вежбање вештини за ресторативен разговор и демонстрација на ресторативна средба лице в лице помеѓу наставник/чка и ученик/чка по инцидент во училницата.

Целта на обуката е стекнување знаења и вештини со кои ќе се изгради безбедна и позитивна средина во училиштата, со употреба на ресторативни практики за ненасилна разработка на конфликти и подобрување на односите во училиштата. Примената на ресторативни практики ги обновува односите меѓу соучениците, го зголемува чувството на припадност, ги намалува агресијата и насилството, а во исто време ги развива емоционалните и социјалните вештини. Повеќе околу ресторативниот пристап на линкот: https://transformingconflict.org/



### 2.2. „Превенција, заштита и справување со природни и други непогоди и кризни состојби - преку образовниот систем“

Во период август - октомври 2021, беа спроведени 2 тренинга на тема заштита и справување со кризи, бидејќи истите се главна карактеристика на живеењето особено последниве години а нивните последици се одразуваат и во образовниот систем. Програмата беше направена земајќи ја предвид новонастанатата состојба со климатските промени, неодамнешните големи поплави и големиот број пожари што се случија во летниот период. Целта беше да се зајакнат капацитетите и вештините на учесниците/чките за управување со кризи, превенција и интервенција на кризи и да се зголемат капацитетите за солидарност, емпатија и чувство за поврзаност со другите без разлика на физичката дистанца. На обуката, како гости обучувачи учествуваа претставничка од БРО, еден член на Противпожарната единица  на град Скопје како и командантот на Противпожарната единица.




2.3. **Форум театар за социјални промени** на тема Булинг. Обуката беше спроведена од 7-9 Декември 2021 во Охрид, со ученици/чки од две средни училишта од Гостивар вклучени во Програмата за мировно образование.

Општата тема на обуката беше подготовка на форум театарска претстава за врсничко насилство (булинг) и препознавање на видовите на насилство. На обуката присуствуваа 18 средношколци/ки од две средни училишта. Учесниците/чките споделија голем број лични примери на насилство, врсничко, структурно, па дури и насилство од професори, каде што тие биле сведоци или жртви. Учениците работеа на препознавање, превенција и заштита од врсничко насилство. Работилниците имаа едукативно влијание врз групата и поттикнаа критичко и проактивно размислување и однесување. На крајот од процесот, учесниците избраа три етиди за претстава на Форум театар. За избраните теми  учесничиките сметаа дека се најчести теми во нивниот секојдневен живот и опфаќаа вербално насилство, исклучување од група и дискриминација.
Две Форум театарски претстави беа изведени, на 24.12.2021 во Младинскиот дом во Гостивар и на 28.12.2021. во СОЕУ „Гостивар“ во Гостивар.
[Tag der Menschenrechte 2021 | KURVE Wustrow](Tag der Menschenrechte 2021 | KURVE Wustrow)
https://www.youtube.com/watch?v=C-2sx8RkmDg&ab_channel=Megjashi



### 2.4. Основна обука за градење мир и мировно образование

По подолг временски период повторно, од 9-12 декември во Охрид, беше организирана основна обука за градење мир и мировно образование. Главната цел на обуката беше да се создаде нова хомогена група на наставници/чки кои ќе се запознаат со основните концепти на мировното образование за потоа да спроведуваат различни активностите за мировно образование во училиштата каде работат. Исто така, цел на обуката беше и да се поддржат и зајакнат капацитетите на постојните тимови за МО во училиштата. Теми опфатени на оваа обука беа: тимска работа, комуникација и ненасилна комуникација, не/насилство, конфликти.



### 2.5. Министерство за образование и наука (МОН) / Работен состанок „Мировни активности во време на Ковид-19“

Во период мај - јули, два работни состаноци се одржаа со претставници на МОН и наставен кадар вклучен во Програмата за мировно образование. На состанокот со Координативното тело од МОН во март, претставниците на МОН изразија заинтересираност да слушнат повеќе за

позитивните искуства од програмата во периодот на Ковид-19. Поради овој интерес, веднаш штом дозволија рестриктивните мерки, тимот на МО организираше две работни средби со претставниците на МОН и наставниците кои во изминатиот период спроведуваа мировни активности, онлајн или во живо. Програмата беше поставена во два дела, во првиот дел членовите на тимот на МО и претставниците на МОН разговараа за соработката на МОН и Меѓаши, предизвиците во образованието во „новата нормала“ и работата на Меѓаши за време на пандемијата а во вториот дел наставниците се приклучија и ги презентираа онлајн или во живо активностите кои ги спровеле за време на пандемијата. Исто така, со претставниците на МОН беа дискутирани прашања за дигиталните книги, училишниот дневник и други теми поврзани со дигитализацијата.



### 2.6. Тимбилдинг активности

Во текот на извештајниот период големо внимание беше посветено на грижата за себе, тимската работа и градењето тим со цел да се надминат физичките бариери бидејќи тимот на Меѓаши работи од дома. Беа спроведени различни работилници и обуки:

- дводневна работилница „Синдром на прегорување и стратегии за справување“ на која се зборуваше за различни аспекти на исцрпеноста и стресот со посебен акцент на личните и тимските стратегии за справување со хроничен стрес и синдром на прегорување итн.
- во текот на годината беа направени еднодневни работилници за тимбилдинг, „Јас и мојот тим“ на тема лични согледувања за управување со времето и делегирање на должностите или одговорностите и

„Музикотерапија - ослободување од стрес и зголемување на тимската мотивација“ посветена на ослободување од стрес и препознавање на личната мотивација и во формална средина и во неформално дружење.

- тимбилдинг на тема „Управување со конфликти преку алатки на СДИ, ефективна комуникација и јавно говорење“ кој имаше за цел да ја подобри ефективната комуникација и управувањето со конфликти преку алатките на СДИ.





2.7.Во периодот за кој се пишува извештајот ПДАС Меѓаши- Програмата за мировно образование спроведе вкупно **24 вебинари**.




Вебинарите за кои известуваме го опфатија периодот од февруари до декември 2021 година, со 24 вебинари.

Темите на вебинарите беа:

1. *„Сексуално образование – концепти и дилеми“*
2. *„Презентација на резултатите од евалуацијата на вебинарите за наставници одржани како одговор на кризата „Ковид-19“.*
3. *„Наоѓање заедничка основа“*
4. *„Наоѓање заедничка основа“*
5. *„Сексуално образование – концепти и дилеми“*
6. *„Сексуално образование – концепти и дилеми“*
7. *„Предизвици во справувањето со булингот во онлајн наставата“*
8. *„Предизвици во справувањето со булингот во онлајн наставата“*
9. *„Екологија и мировно образование“*
10. *„Екологија и мировно образование“*
11. *„Правата на децата во Македонија, во минатото и сега“*
12. *„Прокрастинација - одложување на работата да се заврши“*
13. *„Прокрастинација - одложување на работата да се заврши“*
14. *„Време е за активизам“*
15. *„Што е мир (за мене) денес?*
16. *„Позитивна психологија и ментално здравје - колку ни е потребно за среќа?*

17. *„Позитивна психологија и ментално здравје - колку ни е потребно за среќа?*
18. *„Почеток на учебната 2021/22 година“*
19. *„Меѓународен ден на мирот 2021 година“*
20. *„Дигитално образование“*
21. *„Дигитално образование“*
22. *„Сексуално образование во училиштата – врз основа на контекстот на Србија“*
23. *„Кампањата го поттикнува мирот“*
24. *„Да се сретнеме себеси во пресрет на Новата година*

**2.8. Активности по училишта**

Во текот на годината училиштата вклучени во програмата Мировно образование беа активно вклучени, а наставниците/чките во соработка со ученичките/ците спроведоа различни активности и работилници во рамките на МО, како на пример, онлајн и во живо работилници, дискусии, филмови, уметнички активности, хуманитарни активности, форум театар за социјални промени итн. Особено интензивно и со голем број активности беше одбележан 21-ви Септември - Меѓународен ден на мирот.





### 2.9. Кампања „Поттикни мир“

Кампањата „Поттикни мир“ започна на 6 април 2021. со прес конференција на која присуствуваа претседателот на Меѓаши, членовите на тимот на МО и новинари/ки, а во исто време беше пошироко следена бидејќи се одвиваше со директен пренос на социјалните мрежи. Според динамиката на кампањата, во период од повеќе од еден месец секој втор ден се објавуваше нова објава/пост на различна тема (солидарност, мирот не е само отсуство на војна, прифаќање на различноста, промена на општеството…). Објавите освен на македонски, беа преведени и на албански, ромски, турски, српски/хрватски/босански и влашки. Кампањата имаше голем опфат на луѓе преку сите социјалние мрежи каде е активна Детската амбасада Меѓаши. Беа изготвени видео материјали односно 4 видеа на теми кои се важни за мировното образование и кои предизвикаа најголем интерес според објавите и реакциите на социјалните мрежи:

- Животот е загрозен Животот е загрозен! - YouTube
- Силно а ненасилно ПОТТИКНИ МИР БОРЕЈЌИ СЕ СИЛНО А НЕНАСИЛНО. - YouTube
- Мирот не е само отсуство на војна Мирот не е само отсуство на војна - YouTube и
- Преземи одговорност - менувај го општеството Преземи одговорност - менувај го општеството! - YouTube

Кампањата беше реактивирана на 21 септември 2021. со првото видео на еколошка тема. Воедно, првото видео беше поставено во сите автобуси на јавниот превоз во Скопје во период од една недела, а со слична динамика беше објавено и секое наредно видео. Видеата беа поставувани на социјалните мрежи (фејсбук, инстаграм, јутјуб, фликер, вимео, тумбрл, линкедин...). Сите 4 видеа беа спонзорирани на фејсбук во времетраење од по 7 дена. Вкупната бројка на опфатеност од 47440 лица зборува за високиот интерес поттикнат од кампањата. Во рамки на истата и по повод Светскиот ден на мирот беа изработени маички со мотото „Поттикни мир“ и „Поттикни мир - мирот не е само отсуство на војна“. Во училиштата вклучени во Програмата за мировно

образование беа испратени маици за учениците и наставниците за да ги носат за време на активностите. Во рамките на кампањата, исто така, се одржа и вебинар на темата на кампањата со наставници  од различни училишта каде се разговараше за целната група на која се однесува кампањата, како е направен визуелниот дел и како се одвивал процесот, идеи, насоки, решенија итн.

.




## 3. ЈАКНЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА ДЕЦАТА ЗА ПРЕВЕНЦИЈА ОД НАСИЛСТВО

**Назив на проектот/програмата:** Јакнење на капацитетите на децата за превенција од насилството

**Цел:** Проектот има три специфични цели: јакнење на капацитетите на возрасните (професионалци и родители) врз основа на теоријата за резилиентност да ги разберат и почитуваат потребите на децата, нивоното мислење и права; јакенње на капацитетите на возрасните да го свртат вниманието кон предностите, ресурсите и потенцијалите наместо кон проблемите; и поддршка на адолесцентите во препознавањето на своите компетенции и ресурси за превенција од насилство и неуспех.

**Целна група:** ООУ „Стив Наумов“ и ООУ Браќа Рамиз и Хамид“ од Скопје, ученици, наставен и стручен када и родители, ЦСР Скопје, СВР, домови за деца без родители и родителска грижа.

**Времетраење на проектот/програмата:** 2016-2021 година.

# ОПИСЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА 2021 ГОДИНА

**Донатор: ОАК Foundation**

**Партнерска организација:** Иинститут за социјалн дејности и практики (Social Activities and Practices Institute – SAPI), Софија, Република Бугарија

Од 01.10.2016 година, Првата детска амбасада во светот Меѓаши започна со реализација на проектот „Зајакнување на детските капацитети за превенција од насилство" кој што се спроведува од страна на партнерство помеѓу граѓански организации од неколку држави од регионот и тоа: Social Activities and Practices Institute - SAPI од Бугарија како носител на проектот во соработка со партнерите Првата детска амбасада во светот Меѓаши од Република Македонија; Association for Child and Family Empowerment "Ave Copii" од Молдавија; Social Services Agency од Летонија; Federatia Organizatiilor Neguvernamentale pentru Copil од Романија; Network of Organizations for Children of Serbia – MODS од Србија; The Association for a better world од Словенија и Tirana Legal aid society (TLAS) од Албанија.

Проектот се имплементира во периодот од октомври 2016 година до ноември 2021 година, а е финансиран од страна на Оак Фондацијата (Oak Foundation) за целото времетраење на проектот.

Заради посебните околности предизвикани од епидемијата и мерките поврзани со неа на глобално ниво, во 2020 година, периодот за имплементирање на активностите беше пролонгиран за два месеци, односно до ноември 2021 година, за да може да се завршат активностите.

**Активности спроведени во 2021 година:**

Во текот на декември 2020 година до ноември 2021 година беа спроведени следните активности и постигнати следните резултати:

3.1. Меѓународен тренинг за интегриран пристап за поддршка на децата жртви на насилство - застапување

- Три претставнички на Меѓаши ја следеа тридневната онлајн обука за интегриран пристап за поддршка на деца, жртви на насилство. онлајн обуката се одржа на 19, 20 и 21 април 2021 година на платформата Зум. Во текот на трите денови беа разработени следните теми: меѓуинституционланата (меѓусекторската) соработка, важноста на мултидисциплинарниот пристап при помош и поддршка на децата што се жртви на насилство. Примерот на начинот на работата на Центарот за застапување на деца и млади Зона Закрила преку користење на Барнахус моделот на сеопфатен пристап во заштита на правата на деца жртви на злоупотреба, беше оценет особено важен од учесничките од Меѓаши. учесничките го оценија тренингот и сите претставени теми многу корисни и применливи не само во рамки на активностите на овој проект туку и во сите активности на Детската амбасада Меѓаши.

3.2. Јакнење на мрежата на професионалци (вклучувајќи ја и професионалната заедница) - национален тренинг

- Кон крајот на август и почетокот на септември 2021 година (25.08, 26.08 и 2.09.2021) беа реализирани серија од три вебинари за групата професионалци составена од наставен и стручен кадар од партнерските училишта, претставници од СВР Скопје - инспектори за малолетничка деликвенција и од Меѓаши. Темите разработени во текот на вебинарите беа: емоционална писменост, менатлно здравје и справување со стресот (стрес менаџмент). Низ презентација, вежби и дискусии учесниците активно беа вклучени во вебинарите. Сите три вебинари беа оценети како многу корисни од учесниците и придонесоа кон зајакнување на мрежата.

3.3. Анкета/испитување на ефектите од пандемијата врз децата

- Во рамки  на активностите поврзани со иницијативите на мрежата и методолошка поддршка беше спроведено онлајн испитување/анкета во текот на јуни и јули 2021 година преку платформата Гугл формс. Имено, учебната 2020/2021 година беше втора по ред учебна година што се спроведува преку учење од дома/на далечина. Кон крајот на учебната година се водеше дебата и имаше и отпор меѓу некои од учениците, наставниот кадар и родителите во однос на новиот предлог закон за дигитализирање на образованието. Од почетокот на пандемијата, од март 2020 година, како и новото искуство на учење онлајн или од дома немаше спроведено посеопфатно испитување од надлежните за состојбата, искуство и мислењето на учениците како се чувствуваат и каков е нивниот став кон новиот начин на настава. Во исто време, можноста за насилство преку интернет (сајбер булинг) е зголемена бидејќи децата најголемиот дело од своето време го поминуваа во виртуелна средина. Оттаму, спроведовме онлајн сеопфатно испитување/анкета на национално ниво  преку кое се испитуваа повеќе области, вклучително менталното здравје на децата, перцепцијата и искуство со онлајн наставата, како и дали насилството преку интернет пораснало во текот на годината. Истражувањето беше спроведено со намера да се открие од децата, како мерките преземени за време на вонредната состојба поради пандемијата КОВИД-19 влијаат врз нив и како се прилагодиле на новите околности предизвикани од дадените мерки.  Учеството во испитувањето беше целосно анонимно и на доброволна основа, а во него учествуваа вкупно 1231 дете од цела Македонија. Повеќе од половина (58,1%) од испитаните деца беа девојчиња, 40,3% момчиња. Возрасниот распон на испитаните деца се движеше од 10 до 18 години со просечна возраст од 14,35 години. Децата беа прашани за нивното искуство за тоа како се справувале со кризата и како влијаеле мерките поврзани со пандемијата врз нив, што ги загрижувало најмногу и што им недостасуваше најмногу, како и со кого разговарале за тоа што ги мачи и колку се задоволни од времето поминато со нивните роодители/старатели. Посебен дел го испитуваше нивното мислење за онлајн настават и прашања поврзани со неа.
Резултатите ни покажаа дека децата научија за постоењето на вирусот корона на различни начини но во најголем дел  преку телевизија или Интернет (околу 61%), додека (само) една петтина од децата научиле за вирусот од своите родители. Понатаму, резултатите покажаа дека за време на пандемијата децата комуницирале со своите врсници најчесто преку социјалната мрежа Инстаграм и апликацијата за комуникација Вибер.




Графикон: Начини на комуникација со врсниците за време на пандемија

Децата биле најзагрижени за неизвесноста во сегашната ситуација, но исто така, тие се многу загрижени за здравјето на членовите на семејството или другите луѓе, вклучително и загриженоста дека некој од нив може да почине. Одреден процент на деца се загрижени и за егзистенцијални прашања (дали ќе имаат доволно пари, дали ќе имаат доволно храна) и можноста за дополнителни ограничувања на слободата, како што е воведување нови ограничувања за движење. Некои деца се плашат да не го пренесат вирусот на луѓето околу нив, особено на нивните семејства; со други зборови, тие се плашат дека ќе бидат „виновни“ако некој од нивното семејство се разболи. Повеќе за резултатите од испитувањето можете да видите во целиот извештај за испитувањето што може да го добиете на барање.

Испитувањето беше спроведено со помош на партнерските училишта и студентите од Филозофскиот факултет. Резултатите од испитувањето беа споделени со мрежата на професионалци и со јавноста. На 17.08 беше организирана и онлајн конференција за медиуми на која беа презентирани наодите.

3.4. Оценка на ефектите од петгодишниот проект

- Во текот на првата половина од јуни, спроведовме испитување на ефектите од петгодишниот проект според дадената истражувачка методологија од САПИ. Ова беше третиот и последен процес на евалуација во текот на целиот проект (првата почетна проценка на самиот почеток на проектот во 2016 година, втората евалуација во 2019 и последната во последната година од проектот - 2021.). Спроведовме истражување меѓу група од 30 деца/ученици од партнерските училишта, наставен и стручен кадар како и родители. Дополнително спроведовме и интервјуа со родители, ученици и други стручни лица, акко полициски службеници (инспектори за малолетничка деликвенција) и стручни работници од Центарот за социјална работа во Скопје, кои беа учесници во проектот. Во анализата на длабинските интервјуа беа откриени низа интересни гледишта за разбирањето на безбедноста во училиштето и условите неопходни за истата. Беа откриени значајни разлики во тоа како родителите, наставниците и учениците гледаат на прашањата поврзани со безбедноста во училиштето и во безбедноста воопшто. Учесниците во испитување искажаа благодарност за стекнатото искуство во рамки на проектот активно учествувајќи во него, давајќи предлози .

### 3.5. Меѓународна конференција: „Резилиентност: Превенција на насилството во училишната средина“, 24 - 25 ноември 2021 година

- Меѓународната конференција беше организирана од САПИ, координаторот на проектот, како завршен настан со кој се заокружи петгодишниот проект „Јакнење на капацитетите на децата за превенција од насилство“.




Конференцијата беше организирана како дводневен настан преку интернет на која зедоа учество сите учесници во овој регионален проект споделувајќи ги најзначајните искуства, резултати и стекнати вештини. Пет претставници од Детската амбасада Меѓаши, покрај проектната координаторка, учествуваа на конференцијата. Проектната координаторка заедно со надворешна соработничка на проектот во текот на вториот ден од конференцијата ги сподели искуствата од проектот во Македнија преку куса презентација и 10-минутно видео преку кое разни корисници и учесници во проектот го споделија своето скуство.. надворешната соработничка го сподели своето искуство како обучувач на

родители на тема позитивно родителство. За време на конференцијата, имавме прилика да слушнеме многу инспиративни примери од колегите од другите зеји, а заеднички заклучок на сите партнери во проектот беше дека постои волја меѓу сите за наоѓање начини за понатамошна соработка.

3.6. Група деца кои активно се вклучени во активности на Меѓаши, учествуваа на конференцијата за медиуми одржана онлајн на Зум по повод обележување на Светскиот ден на децата, 20-ти ноември. На самиот ден во периодот од 11 до 12 часот децата сами ја отворија и водеа конференцијата, претставувајќи ги нивните главни грижи за состојбата со правата на децата, истакнувајќи ги следните теми важни за нив: нивното ментално здравје за време на пандемијата на Ковид-19, проблемот што секојдневно го гледаат на улиците – децата на улица, насилството и дискриминацијата, но и за проблемите во образованието. Од медиумите побараа да им отстапат поголем простор и време на децата и младите во смисла на содржини важни и интересни за нив и вклучувајќи ги децата и младите во смислувањето и водењето на содржините на некои програми.

https://www.youtube.com/watch?v=wzbeBbx9BNU&t=29s&ab_channel=Megjashi

## 4. ПРОЕКТ „ ДА ГИ ЗЕМЕМЕ ПРАВАТА ВО НАШИТЕ РАЦЕ!“

**Назив на проектот/програмата:** Да ги земеме правата во нашите раце

**Цел:** Проектот има две специфични цели: создавање училишни средини во кои нема насилство а вработените и родителите се информирани и користат афирмативни методи за да создадат безбедна семејна и училишна средина за децата и промовирање, заштита и исполнување на правата на децата во земјата со фокус на соодветно известување за кршење на детските права.

**Целна група:** ООУ „Стив Наумов“ и ООУ „25 Мај“ од Скопје, ООУ „Саид Најдени“ и ООУ „Пенестиа“ од Дебар и ООУ „Славчо Стојменски“ и ООУ „Гоце Делчев“ од Виница, ученици, наставен и стручен кадар и родители.

**Времетраење на проектот/програмата:** 2017-2021 година.

**Донатор: СИДА – Владата на Шведска**

**Партнерска организација:** Save the Children Intenational во Косово

Детската амбасада Меѓаши од август 2017 година до декември 2021 година го спроведуваше проектот „Да ги земеме правата во нашите раце!“, финансиски поддржан од SIDA, преку Save the children канцеларијата во Косово.

**Цел 1: Безбедна и сигурна училишна и семејна средина за децата**

За 2021 година, како и за претходната година главен ризик беше пандемијата од КОВИД-19. Но, и покрај пандемијата и одвивањето на онлајн наставата успеавме да ја постигнеме целта, така што најголемиот дел од активностите за јакнење на капацитетите на училиштата се спроведоа онлајн.

**5.1 Психосоцијална поддршка и менторирање на наставниот и стручниот кадар во партнерските училишта**

Стресот на наставниците и нивната добросостојба во голема мера го одредува нивното работење и постигнувања а последователно и на децата. Доколку сме во средина која се грижи за луѓето, ги почитува нивните потреби и е позитивна, тогаш постигнуваме подобри резултати и можеме да дадеме пвеќе од себе, а наставниот и стручнот кадар не е поразличен. Имајќи го ова предвид осмисливме вебинари што ќе им бидат од корист и помош на наставниците и стручните лица а тие пак тоа ќе може да го пренесат во својата работна средина. На вебинарите учествуваа 16 наставници и стручни соработници од шестте партнерски основни училишта од Виница, Дебар и Скопје (по две од град). Вебинарите опфатија шест теми, а беа дизајнирани како интерактивни работилници, во траење од максимум 3 часа, користејќи ја платформата Зум. Темите беа определени врз основа на претходно спроведена анкета за потребите на учесниците, а целта беше да се стекнат со основни знаења за теми поврзано со менталното здравје, како и техники за примена во училишна средина. Вебинарите односно шестте модули беа спроведени во периодот од 13 април до 29 јуни 2021 година.

Вебинар 1 „емоции“ -13.04.2021. Модулот ги разработуваше следните содржини: дефинирање емоции, видови емоции, начини на изразување на емоциите и практични вежби за работа со учениците на нивните емоции, како и разгледување студии на случај. Посебен акцент беше ставенна начинт на препознавање и артикулирање на емоциите и беше направена разлика меѓу

потребите, емоциите и чувствата, нагласувајќи ја важноста на препознавање на сопствените потреби и формирање соодветно однесување и емоции што одговараат на емоциите. Учесниците имаа можност да ги разбијат митовите за емоциите преку групна работа. Низ практични примери и студии на случај ги споделија своите искуства и дилеми.

Вебинар 2 „Прокастринација" (одложување) - 20.05.2021. Беа вклучени следните содржини: дефинирањ на прокастринацијата, потекло и причини за прокастринирање, наини како да се справиме со неа и како да се работи со учениците кои ги одложуваат своите задачи. Беа прикажани конкретни примери во кои се употребени начини и техники за работа со ученици кои прокастринираат. Се разви плодна дискусија на споделување лични искуства и гледишта од својата работа.

Вебинари 3 и 4 „Социјална анксиозност, паника и напади на анксиозност" - 22.06.2021. Овој вебинар траеше подолго од претходните два зашто вклучуваше повеќе поттеми но беа споени во дава заради блискоста на содржината. Меѓу двете теми имаше подолга пауза. Во првиот дел што се однесуваше на социјалната анксиозност беа разработени концептот и симптомите на социјаланта анксиозност, начините како да се работи со ученик со такво однесување, како на пример учење техники на релаксација, решавање проблеми, когнитивна реформулација итн. Во вториот дел што се донесуваше на паниката и нападите на анксиозност, беше направена разлика меѓу овие состојби, беа објаснети начините на манифестирање на паничните напади и причините за нивна појава. На крај беа презентирани конкретни чекори на работа со ученици кои имаат анксиозност или доживуваат панични напади. Повторно низ групни вежби и дискусија учесниците имаа можност да ги споделат своите мислења и искуства.

Вебинари 5 и 6 „Притисок од врсниците и ниска самодоверба" - 29.06.2021. Беа презентирани начините и видовите на врснички притисок, како и начините како се врши притисокот, ефектите што притисокот може да ги има врз психичката состојба на ученикот а беа дискутирани и начините за справување со оваа појава во училишен контекст. Беше дискутирана и поврзаноста на врсничкиот притисок и ниската самодоверба на ученикот и што може да направи училиштето за да ја подигне самодовербата кај овие ученици. Учесниците ги споделија своите искуства и доби примери од својата работа на справување со овој вид проблеми.

Покрај вебинарите беа организирани и 12 менторски средби со секое од шестте училишта поединечно - една група средби во февруари пред започнување на активностите што секое училиште ги имаше планирано и втора група при крајот на реализацијата или во тек на реачизацијата на активностите во јуни 2021.

Моделот на вмрежување на училишта што изведуваат настава на различни наставни јазици претставува одличен пример за успешно интегрирањ меѓу училиштата. Работата со мала група (16 учесници) и комбинацијата на вебинари, менторирање и спроведување активности во училиштата се покажа како модел на успешна пракса кога е неопходно јакнење на капацитетите на наставниот и/или стручниот кадар за работа со учениците на теми поврзани со менталното здравје и на учениците и на кадарот.

**5.2 Јакнење на вештините на наставниот и стручниот кадар за ресторативниот приод - три еднодневни воведни обуки, октомрви-декември 2021 година**




На 14 октормври,, 21 октомври и 24 декември се одржаа три еднодневни обуки за наставниот и стручниот кадар од шестте основни училишта во живо, посебно во секој од градовите. На 14.10 во Дебар беше одржана првата работилница за вовед во ресторативниот приод за учесниците од ООУ Пенестиа и ООУ Саид Најдени; на 21.10 во Виница во ООУ Славчо Стојменски за учесниците од ООУ Славчо Стојменски и ООУ Гоце Делчев и на 24.12.2021., во Скопје во Јавна соба (Public room) за учесниците од ООУ Стив Наумов и ООУ 25 Мај. Вкупно 19 учесници беа обучени за петте основни принципи на ресторативниот приод (сечија перспектива е уникатна и важна да се чуе, принципот на мисли-чувства-однесување, влијанието врз другите, потребите на сите засегнати и консултирање и вклучување на засегнатите страни в носењето одлуки). Целта на обуката беше јакнење на вештините на наствниците и стручните соработници за примена на ресторативниот приод и методологија во нивната секојдневна работа или во делови од работата. обуката беше многу добро прифатена од сите учесници кои сметаа дека техники презентирани се многу применливи и од помош во нивната работа.

**Цел 2: Унапредување, заштита и почитување на правата на децата со фокус на соодветно известување за рекршување на правата на детето и промовирање на детското учество**

**5.3 Презентација на Алтернативниот извештај за состојбата со правата на децата - од детска перспектива на 88-та пред сесија на Комитетот за правата на детето при ООН**

Како и во претходните години, а особено минатата година, детското учество беше клучното достигнување во активностите и резултатите поврзани со втората цел од проектот и воопшто во работата на Меѓаши.

На почетокот на 2021 година, во февруари, група деца автори на Алтернативниот извештај за состојбата со прават на децата во Македонија од детска перспектива го претставија извештајот на 88-та пред сесија на Комитетот за правата на детото при ООН. Тие исто така се приклучија и ја следеа сесијата на која невладините организации го одбранија својот извештај пред Комитетот. Пред одржувањето на предсесијата, надворешната соработничка, специјалист за правата на детето ги подготви децата за нивната презентација, координирајќи неколку онлајн средби, менторирајќи ги во текот на нивната подготовка и посредувајќи во подготвителните средби со децата организирани од Child Rights Connect , како и придружба заедно со координаторката на проектот за време на пред сесијата.

**5.4 Зајакнување на тимот и работата на СОС телефонот за деца и млади**

Тимот на СОС телефонот за деца и млади беше значјно зајакнат броејќи СОС опеартор/советувач, супевизор-психолог и група од пет волонтери. Токму оваа поставеност овозможи од половина на годината СОС линијата да биде достапна 24 часа на ден, секој ден, вклучително и во викенди со дежурства меѓу волонтерите.  Од суштинско значење за унапредувањето на овој сервис на Меѓаши беше одржувањето и постојаното зголемување на тимот волонтери и волонтерки. Супервизорката психолог ја координираше групата волонтери и нивниот ангажман. Во март 2021 година, Меѓаши потпиша Меморандум за соработка со Здружениeто на студенти по психологија Психеско и во рамки на овој Меморандум во континуитет се вклучуваат нови волонтери. На крајот од 2021 година бројот на волонтери на СОС телефонот брои 15 лица. петмина од нив се волонтери во текот на целата година од почетокот додека десетте се нови кои се приклучија во декември и ќе почнат на волонтираат од јануари 2022 година. Во текот на летниот период за време на пожарите во источниот дел од Македонија, волонтериите активно учествуваа во обезбедување поддршка на оние кому им беше потребна. Тие подготвија информативен банер со инфромации за поддршката шт Меѓаши преку СОС телефонот за деца и млади ја нудеше. Овие информативни банери беа поставени на сите социјални мреи на Меѓаши.

Сите волонтери/ки се високо мотивирани, доверливи и соодветно одговараат на потребите на тимот на СОС телефонот и на Меѓаши. Од јануари 2021 откако се формира оваа група од пет волонтери и волонтерки, заради состојбата со пандемијата имавме многу малку можности за средба со волонтерите во живо. Затоа, организиравме и дводневен тим билдинг и во исто време работилница за продлабочување на знаењето за детските права. Настанот беше организиран на 26 и 27 октомври 2021 година, во хотел Романтик, Велес на која присуствуваше целиот тим на волонтери и волонтерки и тимот на Меѓаши. Обуката и тим билдингот беа оценети како многу успешни и корисни од сите учесници.



### 5.5 Кампања за промоција на детските права меѓу учениците од одделенска настава

Како дел од ангажманот на волонтерите/ките, во март 2021 година, супервизорката психолог на СОС телефонот која беше воедно и координатор на волонтерите иницираше подолга кампања за детските права што ја спроведоа волонтерите/ките. Беа реализирани над 30 онлајн работилници за ученици од прво до петто одделение од повеќе училишта од цела Македонија во периодот март - јуни.  Триесет минутната работилница беше осмислена да биде интерактивна, вклучувајќи ги децата активно да ги разбеарт своите права. Во исто време сите деца беа запзнаени и со постоењето на СОС телефонот за деца и млади како место каде може да се обратат доколку некое нивно право е прекршено или ако сакаат да се информираат дополнително. Во текот на октомври дополнително беа орхганизирани уште неколку онлајн работилници заради интересот што го пројавија и други училишта и овој пат волонтерите самостојно го спроведоа целиот процес - од контактирање со училиштата до спроведување на работилниците.

### 5.6 Сеопфатно испитување за потребата од креирање посебна веб платформа на СОС телефонот за деца и млади

Во текот на април и мај 2021., беа ангажирани две надворешни соработнички - психолози истражувачи од Институтот за социолошки и политичко правни истражувања да направат истражување, вклучително: преглед и анализа на постојни слични вакви страници на СОС линии во регионот и во светот, како и онлајн истражување на репрезентативен примерок на деца и млади на возраст од 11 до 18 години за навиките и преферираните начини на комуникација при барање совет, областите за кои имаат потреба од совет и поддршка, како и темите од нивни интерес. Сознанијата од истражувањето ни помогнаа во дефинирањето на содржините и функционалностите на новата посебн веб страница на СОС телефонот.

### 5.7 Прес конференција за промоција на извештајот на СОС телефонот за првата половина од 2021, 09.07.2021.

На 9 јули беше промовиран извештајот од работата на СОС телефонот во периодот од јануари до јуни 2021 година, како и резултатите од истражувањето за потребите на новата веб страница на СОС телефонот на конференција за медиуми. Конференцијата се одржа на отворено, во дворот на ресторан Ореов лад, со почитувањр на сите мерки за заштита од пандемијата. посетеноста од медиумите беше значителна, сите нациналните ТВ куќи присуствуваа, како и онлајн медиуми и МИА, а настанот беше емитуван скоро на сите елкторнски и социјални медиуми.

**5.8 Изработка на посебна веб страница на СОС телефонот - Ало Бушавко**

Почнувајќи од септември до крајот на декември 2021 година, надворешни ексерти за веб дизајн ја изработија новата веб страница на Меѓаши за потребите на СОС телефонот за деца и млади. Целта на оваа веб страница е да се модернизира и дигитализира услугата, нудејчи и други канали за комуникација но и содржини од интерес на децата и младите. Страницата е наречена Ало Бушавко и е со следниот домејн: https://alobushavko.mk/ а содржи четири главни делови или категории: потстраницасо содржини од интерес и наменетуи за деца од 6 до 12 години; потстраница за тинејџери од 13 до 18 години, потстраница за семејство - родители и стратели и потстраница за училиште - наставен и дстручен кадар. Страницата е достапна на македонски, албански и англиски јазик. Во смисла на интеракција и комуникациски канали, таа нуди опција за разговор во реално време - чат опција, како и комуникација по емаил (директно испраќање до инбоксо на дежурниот советувач – alobushavko@childrensembassy.org.mk). Страницата сеуште и во континуитет ќе се полни и ажурира со нови содржини.

**5.9 Детско учество и детски проекти во шест партнерски училишта ООУ „Стив Наумов“ и „25 Мај“ од Скопје, ООУ „Пенестиа“ и „Саид Најдени“ од Дебар и ООУ „Славчо Стојменски“ и „Гоце Делчев“ од Виница**

Повеќе од 30 ученици од целните училишта беа обучени за осмислување и имплементирање проекти во нивната локална училишна средина, како и во координирање и мотивирање на големи групи врсници за учество во активности. Обуката ја спроведе надворешна соработничка заедно со проектната координаторка. сите шест училишни проекти беа подготвени и имплементирани од самите деца со поддршка на стручните соработници учесници во проектот или наставници и промовирани во нивните локални заедници. Голем дел од проектите ангажираа и соработуваа и други чинители од заедницата како сообраќајни полицајци, компании, училишното раководство, градоначалници итн. Секое од училиштата ги промовираше воите активности преку социјалните мрежи на училиштата (Facebook, Twitter) и добија широка јавна поддршка и промоција. Секое од шестте училишта имаше буџет од 1000 евра во денарска противвредност за спроведување на активностите од детските проекти. Во продолжение се накусо дадени детските проекти според училиште.

ООУ „Стив Наумов“, Скопје - подигнување на свеста на учениците за грижа за училишниот инвентар. Во рамки на проектот беше креирано катче за релксација во кое учениците ќе можат да го поминуваат слободното време.

ООУ „25 Мај“, Скопје - Подигнување на свеста на учениците за сообраќајната култура преку едукативни и промотивни активности. Децата учесници спроведоа низа работилници за учениците од одделенска настава за сообраќајните правила и знаци, едукативни работилници од СВР Скопје како и промотивна кампања меѓу населението за сообраќајна култура.

ООУ „Пенестиа“, Дебар - Подобрување на училишната средина преку унапредување на ученичкото учество во различни активности како спортски активности, чиста училишна средина и грижа за децата во болиница преку посета и активности.

ООУ „Саид Најдени", Дебар - Обезбедувањ еднакви можности за сите ученици преку зголемувае на библиотечниот фонд и поотикнување на навиките за читање меѓу учениците преку различни мотивирачки активности (квизови, натпревари за ислустрација на прочитани книги и сл.)

ООУ „Славчо Стојменски", Виница - Подигнување на свеста на учениците за почиста животна средина преку различни активности како, акции на садење дрва, чистење на училишниот двор, работилници за ученици.

ООУ „Гоце Делчев", Виница - Превенција на врсничкото насилство преку активности за подигнување на свеста (кампања), едукација и други активности.





**5. 10 Граѓанска и општествена мобилизација за унапредување на детските права**

Ова беше резултат со најголеми предизвици да биде постигнат. Имено, нискиот интерес на неладините организации, освен нивната ангажираност мината година во подготовката на Алетранативниот извештај за состојбата за правата на детето претставуваше ризик што не беше земен предвид при планирањето на проектните активности за 2021 година. Во текот на правата половина од 2021 година претставници од неколку организации во координација на МЕѓаши го презентираа Алтернативниот извештај на 88-та предсесија на Комитетот за правата на детето при ООН и тоа беше единствената успешно и ефикасно реализирана планирана активнот. Потоа беа направени неколку безуспешни обиди да се мотивираат организациите за заедничко преземање активности. Во март спроведовме анкета меѓу претставниците од организациите членки на неформалната коалиција на организации за застапување на правата на детето за дефинирање на областите или темите кои требаше да се разгледаат на планираните редовни средби на организациите. Одзивот беше мал и од добиените одговори како најчеста тема беше правото на образование така што првата и единствена реализирана консултативна средба беше на тема „Онлајн наставата и равото на образование“ на која свој придонес дадоа три организации. Средбата беше организирана онлјан на 11 јуни 2021 година. Затоа активностите и буџетот предвидени за оваа намена беа пренаменети за активности со волонтерите.

Со цел да се слушне гласот  на децата и по повод 20 ноември - светскиот ден на детето, беше организирана прес конференцијата водена од децата кои учествуваа во подготовката на детските извештаи.

Линк од конференцијата https://www.facebook.com/detskaambasadamegjashi/videos/194625249425186

#СветскиДенНаДетето #WorldChildrensDay  #DitaBotëroreEFëmijës #WCD2021 #ЗаСекоеДете

World Children's Day 2021: join the youth advocating for child rights




**5.11 Развој/јакнење на организациските капацитети**

Како посебен дел од проектот беше и делот предвиден за јакнење на организациските капацитети на Меѓаши и во рамки на овој дел беа реализирани три активности од кои две директно придонесуваат кој јакнење на капацитетите на Меѓаши во областа на детските права, како и во делот на заштита на личните податоци. Третата активност беше завршна работилница за оценка на напредокот на организиациските капацитети на Меѓаши во текот на петте години од траењето на проектот.

**А. Политика за заштита на децата на ПДАС Меѓаши**

Правата активност беше дводневната целодневна обука реализирана онлајн на платформата Зум посветена на ревизија и подобрување на Политиката за заштита на децата. Обуката ја реализраа експерти за политика за заштита на децата, Астрид Виклер о глобалната мрежа за спречување на сексуална експлоатација на децата ЕЦПАТ од Австрија и Доњета Калменди, извршна директорка на Мрежата на организации за заштита на правата на децата од Косово КОМФ. Обуката се одржа на 3 и 4 ноември. И покрај тоа што обуката се одвиваше оналајн, беше конципирана на начин да овозможи активно учество на сите учесници преку голем број вежби и дискусии во мали групи. На обуката учествуваше целиот оперативен тим на Меѓаши како и волонтерите од СОС телефонот.




**Б. Оценка на организациските капацитети на ПДАС Меѓаши**

Втората активност беше тродневната работилница за оценка на организациските капацитети, односно оценка на напредокот и подобрувањето на идентификуваните слабости и области за подобрување при почетна оценка во 2017 година, на почетокот на проектот. Врз основа на првата оценка беа дизајнирани и низа активности во насока на подобрување на капацитетите во текот на изминатите четири години. Работилницата беше реализирана со физичко присуство во Берово (хотел Манастир) од 15 до 17 ноември. Беше исклучително значајно што самооценката потврди дека Меѓаши во изминатиот период забележал значаен напредок во три области од вкупно седум. Во останатите четири области на капацитети нема промени односно во тие области уште при првата оценка било оценето дека се високо развиени. Важно е да се напомене дека ваквите оценки многу позитивно и мотивирачки влијаеја врз сите од оперативниот и тимот на волонтери.

Детална оценка на развојот на организациските капацитети | Flickr




**В. Усогласување на работата, процедурите и процесите на работа на ПДАС Мeѓаши со барањата на Законот за заштита на личните податоци**

Во текот на втората половина на ноември и во текот на декември 2021, надворешен експерт за заштита на личните податоци изврши анализа на сите работни процеси од аспект на Законот за заштита на личните податоци (ЗЗЛП) и предложи низа документи, процедури и постапки. Процесот продолжува и во текот на 2022 година и ќе вклучи и обука на целиот персонал на Меѓаши, помош при избор на офицер за заштита на личните податоци, поддршка и водење низ процесот на примена на неопходните мерки за услогласување со ЗЗЛП.

## 5. ЦИВИКА МОБИЛИТАС – ИНСТИТУЦИОНАЛЕН ГРАНТ, ДОНАЦИИ, ЕКОНОМСКИ АКТИВНОСТИ, ИСО …

Во Јули 2021 година започна спроведувањето на третата година од грантот ЦИВИКА мобилитас. Средствата од грантот за третата година се главно наменети за реализација на неколку позначајни активности за Детската амбасада МЕЃАШИ како што се Извештаи и препораки од СОС телефонот за деца и млади, Ресертификација за ИСО 9001:2015 и Генерирање средства од економски и други активности.

### 5.1. Новогодишни честитки

Продажбата на новогодишни честитки за 2021 година ги следеше практиките од претходните години при што немаше значајни промени во начинот на спроведување на активноста и минамални промени во понудата. Компаниите, институциите, организациите како и граѓаните можеа да одберат од 5те нови новогодишни мотиви или дополнителните 6 лански мотиви по намалена цена во

споредба од претходната година. Продажбата во 2021 година во споредба со претходната година не бележи отстапки како во бројот на честитки така и во бројот на поддржувачи.

### 5.2. Каси за донации

Активностите во делот на донации од граѓани односно дистрибуција и промена на каси во 2021 година забележа мал раст во однос на 2020 година. Во текот на оваа година поставена беше една нова кутија за донации во Буркџилиница Ваташа во населба Лисиче.

### 5.3. ИСО стандард ресертификација

Кон крајот на 2021 година Првата детска амвбасада во светот Меѓаши беше ресиртифицирана за ИСО стандардот. Првата надзорна проверката на ИСО сертификатот 9001:2015 беше извршена онлајн на 05.11.2021 година од страна на лиценциран преставник од JUQS Друштво за сертификација и надзор на системот на квалитет ДОО Белград. Заклучок на проверката е дека врз основа на резултатите од надзорната проверка издадениот сертификат Q-2308-IIR со важност од 25.12.2020- 22.07.2023 е во склад со стандардот ИСО 9001:2015 останува иважи. Втората надзорна проверка на системот на менаџмент на квалитет ќе биде во тек на ноември/декември 2022 година.

### 5.4. Организациска Стратегија за одржливост 2022-2024.

Во месец декември Раководителот на ИРО(истражување, развој и одржливост) секторот, заедно со повеќе претставници на регионални граѓански организации и водени од експерт за одржливост на граѓанските организации одржа онлајн обука и анализа на работењето во делот на одржливост. На работилницата се споделуваа искуства и нови можности за генерирање средства од компании, институции и граѓани. Дополнитело се одржа посебна работилница за проценка на можностите и условите за развој во делот на одржливост. Со завршување на последната работилница Раководителот на ИРО секторот и експертот ја разработија новата организациска Стратегија за одржливост 2022-2024.

### 5.5. Кодекс за граѓански организации во Македонија

ПДАС Меѓаши активното учествуваше на сите средби на мрежата за транспарентност и отчетност оформена од МЦМС со цел креирање „code of conduct" кодекс за граѓанските организации во Македонија. На 25.09.2021 година на Фестивалот на Цивика мобилитас – „Ден на граѓанските организации", во Градски парк на Школка претседателот на организацијата го потпиша „Кодексот за граѓански организации во Македонија". Со креирањето и потпишувањето Меѓаши и другите граѓански организации потписници потврдуваат дека ќе се

залагаат за спроведување на сите заложби, стандардни и принципи наведени во овој документ, а со цел потранспаретно и поотчетно и одговорно работење.

## 6. Проект за поддршка на детското учество

## ,,Општина Аеродром – пионер во практикување на детското учество“

Проектот „Општина Аеродром – пионер во практикување на детското учество“, Првата детска амбасада во светот Меѓаши го спроведе во соработка со Општина Аердором, со цел да го унапреди детското учество во општинското работење и одлучување.

Детското учество не само што е право по себе, туку практукувањето на детското учество води кон остварување на другите права на децата. Додека „учество“ може да се однесува на многу различни аспекти на ангажирање на децата во различни сфери од секојдневниот живот, учеството во контекст на власт многу често се разгледува во однос на членот 12 од КПД. Членот 12 го признава правото на детето да биде слушнато и да ги изрази своите ставови слободно, да бидат сериозно земени предвид мислењата на децата во процесот на носење одлуки и властите да гарантираат дека овие права ќе бидат почитувани. Поспецифично, детското учество може да се дефинира како ангажирање на децата (како група или поединци) да формираат и изразат свои гледишта  и да влијаат врз работите што ги засегаат нив, непосредно или посредно.

Општина Аеродром изрази интерес за унапредување на соработката со Меѓаши во областа на правата на детето, па оттаму се роди идејата за овој проект. Досега ниту една општина нема направено локално исражување што мислат децата за тоа кои и колку од нивните права се почитувани, што според нив е приоритет за да се подобри состојбата, кои се најчестите проблеми со кои тие се среќаваат итн.

Главната цел на проектот е јакнење на капацитетите на општина Аеродором за поттикнување на детското учество во процесите на одлучување, како прва општина во Македонија со спроведено истражување за правата на децата, со што ќе биде пионер во Македонија и поттик за сите останати општини во земјата. Оваа цел влегува во рамки на седмата програмска цел дефинирана од Општина Аеродором: Унапредување на човековите права и создавање институционални капацитети за нивна ефикасна заштита.

Целта ја постигнуваме преку реализирање на следните две задачи:

- Спроведување на сеопфатно и длабинско истражување на состојбата на правата на децата до 18 години на територија на општината
- Подготовка на Извештај за состојбата со правата на децата во Општина Аеродром, а во рамки на процесот и обука на група деца за правата на децата и јакнење на нивните вештини за застапување за своите права не само пред Општината туку и пошироко, со што ќе се придонесе кон унапредување на демократските процеси во општината и поттикнување на детското учество. Промоција во пошироката јавност на Извештајот за состојбата со правата на децата во Општина Аеродром.

# ОПИСЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА 2021 ГОДИНА

- [ ] Извештај за состојбата со правата на децата во Општина Аеродром - од перспектива на децата | PDF (scribd.com)

На 25 мај 2021 година во просториите на Општина Аердром беше организирана средба на која покрај претставниците од општинската администрација (Сектор за образование, спорт, култура и заштита на децата) присуствуваа претставнички од: ООУ „Блаже Конески", ООУ „Ђубен Лапе", ООУ „Димитар Македонски", ООУ „Александар Македонски", ООУ „Лазо Ангеловски" и СУГС „Димитар Влахов". На средбата беше презентиран проектот, целите, временската рамка и улогата на училиштата. На 3-ти јуни 2021 год. на онлајн платформата Zoom беше реализирана првата работилница со учениците од ОУ „Димитар Македонски", ОУ „Ђубен Лапе" и СУГС „Димитар Влахов". Оваа работилница беше посветена на запознавање со правата на детето и Конвенцијата за правата на детето, како и со потребата од истражување за состојбата со правата на децата од Општина Аердором и наредните чекори од истражувачниот процес. Работилницата вклучуваше и повеќе активности за меѓусебно запознавање на учениците. На 8-ми јуни 2021 год. Уште една работилница со истата содржина беше реализирана со учениците од ОУ „Александар Македонски" и ОУ „Гоце Делчев". Работилницата беше со иста цел и агенда, како и претходната.

По овие работилници децата подготвија предлог прашања за истражувањето на мислењето на децата што живеат во оптината за тоа колку се запознаени со своите права и колку се истите почитувани. На 13-ти јуни се реализираше средба за разгледување и затворање на финалниот прашалник за правата на децата во О. Аеродором, додека на 28-ти јуни беше закажана уште една средба за дисеминација на прашалникот до своите врсници, заради малиот одзив на истражувањето. Истражувањето се спроведе преку онлајн платформата Survey Monkey во периодот меѓу 13-ти јуни и 13-јули 2021. Вкупниот број во примерокот беше 153 деца, на возраст меѓу 9 и 17 години, при што најголем дел од децата, скоро половина (47,51%) беа на возраст од 10 и 11 години.

Фасилитирање онлајн средба со учениците – учесници во проектот, на 19ти јули 2021 год. Во текот на оваа средба на учениците им беа презентирани клучните наоди од анализата и им беа дадени насоки за подготовка на извештајот. Покрај тоа, учениците имаа можност да изберат на која од темите би сакале да пишуваат, формирајќи мали подгрупи за секоја од темите кои ги опфати истражувањето. Учениците дискутираа и воспоставија соодветна временска рамка за подготовка на извештајот.

Фасилитирање онлајн средба со учениците – учесници во проектот, на 23ти септември 2021 год. На оваа средба на учениците им беа дадени понатамошни насоки за коментирање и уредување на темите од извештајот и подготовка на вториот нацрт од секоја од темите.

Во текот на октомври и ноември преку координаторите од петте училишта беа вклучени и други ученици за учество со свои цртежи за дизајн на извештајот.

Извештајот е испечатен при крајот на декември 2021 година, а во текот на 2022 година ќе се направи обид за презентирање на истиот пред советниците на Советот на Општина Аердром.

## 7. РЕАКЦИИ, БАРАЊА, ДЕБАТИ, СООПШТЕНИЈА, ОБРАЌАЊА, ГОСТУВАЊА, ИНТЕРВЈУА…

Позначајни линкови:

| **Медиум** | **Тип на медиум** | **Датум на објава** | Тема | **Линк до објавата** |
|---|---|---|---|---|
| **youtube** | сосствен канал на Меѓаши | 29.01.2021 | „Јавна соба“: Тука сме да помогнеме, но институциите мора да преземат конкретни чекори | https://youtu.be/KlIDRZcqQXE |
| **Алсат** | телевизиски програм | 29.01.2021 | Изјава во врска со повторно отварање на групата „Јавна соба“ во апликацијата Телеграм | Hapet sërish grup … |
| **МТВ** | телевизиски програм | 04.02.2021 | МТВ емисија за „Јавна соба“ и сексуално злоставување и вознемирување | https://youtu.be/i_1M-N59FWo |
| **ТВ 24** | телевизиски програм | 05.02.2021 | Драги Змијанац од Детската амбасада Мeѓаши во интервју за вечерашното издание на „Трилинг“ | „Јавна соба“ е с… |
| **ТВ Шења** | телевизиски програм | 16.02.2021 | Правата на децата и нивна заштита во време на пандемија | PARADITE ME NE - … |
| **МИА** | медиумска агенција | 23.02.2021 | Конференција за медиуми за објава на годишниот извештај на СОС телефонот за деца | На СОС-телефонот на „Мeѓаши“ лани 240 јавувања, двојно повеќе од годината пред тоа – МИА (mia.mk) |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | и млади за работата во текот на 202о година | |
| **youtube** | канал на Меѓаши | 06.04.2021 | Дали живееме во мир? Почеток на кампањата „Поттикни МИР“ Прва детска амбасада во светот МЕЃАШИ | https://youtu.be/m6KMUy31Fys |
| **Утрински брифинг** | медиумска компанија | 07.04.2021 | Битољану: Не успеваме да ги учиме новите генерации да не се мразат – Меѓаши со кампања „Поттикни мир“ | https://youtu.be/q_uXlV_RNfk |
| **ТВ Телма** | телевизиск и програм | 09.07.2021 | Децата жртви на брачните односи, и тоа се одразува врз нивното ментално здравје - конференција за медиуми за објава на полугодишниот извештај од СОС телефонот за 2021 | https://youtu.be/9RzGB2F3mes |
| **ТВ 24 Вести** | телевизиск и програм | 04.10. 2021 | ТВ 24 ДОЗНАВА - СЕ ВЕШТАЧИ ТЕЛЕФОНОТ НА ЕДЕН ОД ОРГАНИЗАТОРИТЕ НА СЕКС КАМПОТ | https://www.youtube.com/watch?v=EzurkXzLNX4 |
| **ТВ 24 Вести** | телевизиск и програм | 04.10.2021 | Скандал со извидничкиот секс камп Тв 24 дознава се вештачи телефонот на еден од организаторите | https://www.youtube.com/watch?v=Sm5Jibe9bjA |
| **Клан Македонија** | телевизиск и програм | 07.10.2021 | HAPPY DAY TË DREJTAT E FËMIJËVE,NË STUDIO FATMIRE AJDARI Ambasada e parë për fëmijë në botë MEGJASHI | https://www.youtube.com/watch?v=sQR9tW2ZfkM&t=294s |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Клан Македонија** | телевизиски програм | 07.102021 | Ambasada e parë për fëmijë në botë MEGJASHI: FUSHATA – TETË RASTE TË KEQPËRDORIMIT TË FËMIJËVE | https://www.youtube.com/watch?v=O4hJCabG2js&t=5s |
| **Канал 3 Дебар** | телевизиски програм | 07.10.2021 | Активности на Детската амбасада Меѓаши во Дебар | https://www.youtube.com/watch?v=xGp3b4YWMMw |
| **Канал Меѓаши** | канал Меѓаши | 07.10.2021 | Мирот не е само отсуство на војна | https://www.youtube.com/watch?v=e3OViFrj0Lg |
| **Слободен печат** | телевизиски програм | 08.10.2021 | Велковска од Меѓаши: Да се престане со злоупотреба на децата во политичките кампањи | https://www.youtube.com/watch?v=4JdF2ADMCKk&t=10s |
| **АЛСАТ М** | вести | 12.10.2021 | Меѓаши со реакција поради појава на деца во политичката кампања | https://www.youtube.com/watch?v=LEDSN6fyGXU&t=47s |
| **МРТВ** | телевизиски програм ПРИКАЗНА | 20/10/2021 | Интернет зависност гостинка:Јорданка Черепналкова Трајкоска од Прва детска амбасада во светот Меѓаши | https://www.youtube.com/watch?v=D6DQwNCO5bM&t=783s |
| **youtube** | сопствен канал на Меѓаши | 20/10/2021 | Преземи одговорност - менувај го општеството! | https://www.youtube.com/watch?v=BdqfuRmqzso |
| **ТВ Сител** | вести | 24/10/2021 | Психолозите предупредуваат дека насилство не смее да биде метод за воспитување | https://www.youtube.com/watch?v=iFJDgRuQYbI&t=11s |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **ТВ 24 Вести** | вести | 24/10/2021 | Тепањето на дете од страна на наставник е недозволиво и остава трауми во меморијата на децата | https://www.youtube.com/watch?v=wPuunfjEyeE&t=24s |
| **БТР** | документарна емисија | 11.09.2021 | Документарен филм „Големиот газда" | https://www.youtube.com/watch?v=xH_kkAdHoBI |
| **ТВ Сител** | вести | 11.12.2021 | Деца си го загрозуваат животот барајќи отпад во контејнери | https://www.youtube.com/watch?v=qd6odKylCOs&t=179s |
| **youtube** | сопствен канал на Меѓаши | 20/11/2021 | 20ти ноември Светски ден на детето: Да го слушнеме гласот на децата Да го слушнеме гласот на децата! | https://www.youtube.com/watch?v=wzbeBbx9BNU&t=498s |
| **Сител** | вести | 20/11/2021 | Проблемите од ковид пандемијата главен проблем на Меѓународниот ден на детето | https://www.youtube.com/watch?v=0fcMy6Z_42o&t=24s |
| **МРТВ** | вести | 20/11/2021 | Меѓаши им отстапи простор на децата да зборуваат на Светскиот ден на детети – 20 ноември | https://www.youtube.com/watch?v=9oFLeKCsgKY |
| **youtube** | сопствен канал на Меѓаши | 25/11/2021 | Empowering Child’s Strengths for Violence Prevention | https://www.youtube.com/watch?v=pOewZ9eOKOA&t=1s |
| **youtube** | сопствен канал на Меѓаши | 26/11/2021 | Препораки за етичко известување за деца и млади се изработени од СЕММ и МЕЃАШИ | https://www.youtube.com/watch?v=SLSydiSoLbo&t=3648s |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **youtube** | сопствен канал на Меѓаши | 28/11/2021 | "Since the pandemic started, I feel so tired. Sometimes, I just want to stay in my bed forever.'' | https://www.youtube.com/watch?v=Yey8vr4WObc&t=1s |
| **youtube** | сопствен канал на Меѓаши | 12.11.2021 | Препораки за професионално известување за деца и млади СЕММ и Меѓаши | https://www.youtube.com/watch?v=ZgTtMovAgD4 |
| **МРТВ** | документарна емисија | 12.10.2021 | Меѓународниот ден на човекови права, изјава Драги Змијанац од Меѓаши за МРТ 4 Македонска телевизија | https://www.youtube.com/watch?v=ps5R7-FBdz8&t=294s |
| **youtube** | сопствен канал на Меѓаши | 21/12/2021 | Civil Society Strengthening | https://www.youtube.com/watch?v=kVfrSmMLHRs |
| **Flickr** | Апел | 27/8/2021 | / | АПЕЛ во врска со прифатот на бегалци од Авганистан: да се … \| Flickr |
| **Flickr** | / | Септември /Октомври 2021 | Крајно време е политичар(к)ите кои ги злоупотребуваат деца… \| Flickr<br><br>Злоупотреба на деца поради политичко дејствување! \| Злоупотр… \| Flickr | Злоупотребата на деца во предизборната кампања за жал прод… \| Flickr<br><br>Став на Првата детска амбасада во светот МЕЃАШИ за актуелн… \| Flickr |